ЗТСП
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ТРУДОВО И СОЦИЈАЛНО ПРАВО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Конвенција бр. 122**

# Конвенција за политиката за вработување, 1964 г.

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

Свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, се состана на својата четириесет и осма седница на 17 јуни 1964 година, и

Сметајќи дека Декларацијата од Филаделфија ја признава формалната обврска на Меѓународната организација на трудот за промовирање меѓу различните земји во светот на програми за постигнување целосна вработеност и за подобрување на животните стандарди, и дека Преамбулата на Уставот на Меѓународната организација на трудот предвидува борба против невработеноста и обезбедување плата што осигурува соодветни услови за живот, и

Сметајќи дополнително дека во согласност со одредбите на Декларацијата од Филаделфија, Меѓународната организација на трудот има одговорност да го разгледа и да го земе предвид дејството на економските и финансиските политики врз политиката за вработување со оглед на основната цел дека „сите луѓе, без разлика на расата, вероисповедта или полот, имаат право на материјална добросостојба и духовен развој во услови на слобода и достоинство, на економска сигурност и еднакви можности“, и

Сметајќи дека Универзалната декларација за човекови права предвидува дека „секој има право на работа, на слободен избор на вработувањето, на правични и поволни услови за работа и на заштита од невработеност“, и

Имајќи ги предвид одредбите на постојните меѓународни конвенции и препораки за трудот со непосредно значење за политиката за вработување, особено Конвенцијата и Препораката за службите за вработување, 1948 г., Препораката за професионална ориентација, 1949 г., Препораката за стручна обука, 1962 г. и Конвенцијата и Препораката за дискриминација (вработување и занимања), 1958 г., и

Сметајќи дека овие инструменти треба да се вклучат во поширокатa рамка на меѓународна програма за економска експанзија врз основа на целосното, продуктивното и слободно избраното вработување, и

Одлучувајќи да донесе определени предлози во однос на политиката за вработување, што се вклучени во осмата точка на дневниот ред на седницата, и

Утврдувајќи дека овие предлози треба да добијат форма на меѓународна конвенција,

на деветти јули, илјада деветстотини шеесет и четврта година, ја донесува следнава Конвенција, што може да се наведува како Конвенција за политиката за вработување, 1964 г.:

Член 1

1. За целите на поттикнување на економскиот раст и развој, зголемувањето на животниот стандард, исполнувањето на барањата за работна сила и решавање на проблемот на

невработеноста и недоволната вработеност, секоја членка формулира и следи, како своја основна цел, активна политика наменета за унапредување на целосното, продуктивното и слободно избраното вработување.

2. Оваа политика има цел да осигури дека...

(а) има работа за сите лица што се достапни за работа и што бараат работа;

(б) таквата работа колку што е можно е попродуктивна;

(в) постои слобода на изборот на вработувањето и најцелосна можност за секој работник да ги стекне потребните квалификации за работата што е соодветна за него и да ги користи своите вештини и таленти на таквата работа, без оглед на неговата раса, боја на кожата, пол, вера, политичко мислење и национално или социјално потекло.

3. Оваа политика соодветно ги зема предвид стадиумот и нивото на економскиот развој и заемните односи меѓу целите за вработеноста и останатите економски и социјални цели, и се спроведува преку методи што се соодветни на националните услови и практики.

Член 2

Секоја членка, со методи и во обем што се соодветни во согласност со националните услови...

(а) одлучува за, и повторно ги разгледува, во рамките на координирана економска и социјална политика, мерките што треба да се донесат за постигнување на целите што се наведени во член 1;

(б) ги презема потребните чекори, вклучувајќи, кога е тоа соодветно, донесување програми, за примена на овие мерки.

Член 3

Во примената на оваа Конвенција, претставниците на лицата што се засегнати од мерките што треба да се преземат, и особено претставниците на работодавачите и работниците, се консултираат во врска со политиките за вработување, за целосно да се земе предвид нивното искуство и нивните ставови и да се обезбеди нивната целосна соработка во формулирањето и во обезбедувањето поддршка за таквите политики.

(Завршни одредби)